# МОНИТОРИНГ

## НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА

## ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

2015 - 2017

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Изработката на овој извештај финансиски е поддржана од Фондацијата Отворено општество – Македонија, како дел од активностите на Концептот Општина по мерка на граѓаните.

НОВУС

# МОНИТОРИНГ

## НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА НА ОПШТИНА СТРУМИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## 2015- 2017

Скопје 2017

Издавач: Здружение „НОВУС“

За издавачот: м-р Ѓорги Тасев, претседател

Автори: м-р Ѓорги Тасев, Ѓорги Милушев, Глигор Ризов

Уредник и рецензент: Д-р Борче Треновски

Уредници од Фондација Отворено општество - Македонија:

Данче Даниловска-Бајдевска

Наташа Анѓелеска

Лектура: Бојан Петревски

Дизајн и подготовка: Бригада дизајн

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Изработката на овој извештај финансиски е поддржана од Фондацијата Отворено општество – Македонија, како дел од активностите на Концептот Општина по мерка на граѓаните.

# СОДРЖИНА

**ИЗВРШНО РЕЗИМЕ** .......... 4

**1. ВОВЕД** .......... 6

**2. СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА** .......... 8

**3. СТРАТЕГИСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ПРИНЦИПИ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ГРАЃАНИТЕ** .......... 10

**4. МЕТОДОЛОГИЈА НА МОНИТОРИНГ ПРОЦЕСОТ** .......... 14

**5. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И КЛУЧНИТЕ НАОДИ** .......... 16

**6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** .......... 23

**7. ИЗВОРИ** .......... 26

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Спроведувањето на Акцискиот план за социјална заштита на Општина Струмица, преку изготвување мониторинг извештај, имаше за цел да го утврди степенот на реализација на активностите и предизвиците/проблемите во спроведувањето на активностите.

Истражувањето, односно мониторингот, се реализираше во периодот од јуни 2016 до декември 2016. Во периодот на истражувањето, Стратегијата, односно Акцискиот план за образование, беше имлементирана почнувајќи од 2015 - една година и четири месеци по усвојувањето од страна на Советот на Општина Струмица.

Утврдениот степен на реализација на Акцискиот план изнесува 50% проценти, иако и во самата Стратегија и Акциски план за образование се предвидени рамка и толерантен однос во динамиката на спроведување на одделните активности, што, според наше мислење, е направено со цел да се земат предвид и силните и слабите страни во функционирање на општинските системи, придружени со сите бирократски пречки што постојат.

Стратегијата за социјална заштита се однесува на градењето визија, утврдувањето на приоритетите и мерките за заштита на локалното население од социјалните ризици, преку испорака на општински услуги во општинските институции, по пат на воспоставување партнерства со другите фактори од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор.

Имплементирањето и спроведувањето на Акцискиот план за социјална заштита од страна на локалните власти за периодот што беше предмет на мониторингот и потоа ќе добијат тежина доколку одделението за образование во Општина Струмица сериозно ја сфати важноста на овие документи и вложи напор со сите свои расположливи капацитети за негова имплементација.

Проблеми во спроведувањето на акивностите од оваа област, општо земено, произлегуваат од немањето соработка меѓу централната и локалната власт и тука настанува колизија во спроведувањето на активностите. Големо влијание врз локалната самоуправа во спроведувањето на надлежностите во областа образование имаат политичко-легислативните и економските фактори.

Сепак, определено влијание зошто не се спроведени определени активности се должи и на тоа што одговорните за социјална заштита вршат и други работи (одговорни се за повеќе работни задачи/позиции) и токму тоа претставува проблем за целосно да се посветат ефективно и ефикасно да ги имплементираат активностите од Акцискиот план за социјална заштита.

Главните препораки што произлегоа од спроведениот мониторинг, а ќе иммаа посебно важно место во понатамошните активности за развој на социјалната заштита во Општина Струмица, може да се сумираат на следниов начин:

- Сите фактори треба да ги разгледаат можностите и потребите што произлегуваат од спроведената анализа од „Социјална карта на Општина Струмица” и да утврдат дали е потребна дополнителна детална и длабинска анализа на потребите од социјални услуги на локално ниво.
- Потребно е да се формира одделение за социјална заштита и професионално да се надградуваат инволвираните во процесот на социјална заштита, знаејќи дека Општина Струмица има мотивиран и иновативен тим, кој поседува знаења и вештини за успешна имплементација на партнерствата и за можностите.
- Надлежните институции мора сериозно да ја сфатат улогата за важноста во спроведувањето на мерките и перспективите на Акцискиот план во текот на целиот период на имплементација.
- Мора да се работи на зголемување на меѓусекторската соработка и комуникација меѓу засегнатите чинители од областа на образованието и сите заеднички да работат на развој на образовниот процес.
- Тимот за социјална заштита не е доволен за да може да ги реализира предвидените активности. Потребно е  да се активира и Центарот за социјална работи, и покрај тоа што има мала улога во спроведувањето на Акцискиот план.
- Финансиските средства за исполнување на визијата „Општина во која граѓаните се социјално заштитени и рамноправни во добивањето на услугите“ може да се зголемуваат и да се искористуваат и преку фондовите на ЕУ и зголемување на инвестициските вложувања за социјална заштита.

Клучен аспект во успешното имплементирање на активностите е сите фактори во овој процес да се стават во функција на остварувањето на визијата на општина Струмица: „ Струмица – општина во која граѓаните се социјално заштитени и рамноправни во добивањето на услугите“.

Правејќи го ова, ќе бидат чекор поблиску до создавање квалитетен и компатибилен систем за социјална заштита за граѓаните на Општина Струмица.

# 1. ВОВЕД

Предмет на мониторинг на здружението НОВУС беше локалната стратегија на општината за социјална заштита за периодот 2015/2017 година.

Оваа активност се спроведуваше заради утврдување на фактичката состојба и степенот до кој се остварени планираните активности и мерки донесени во Акцискиот план за реализирање на локалната стратегија за социјална заштита на општината. Одреден предизвик со кој се соочуваше тимот одговорен за спроведување на активноста беше добивање релевантни и исти информации од различни извори за одделните активности во Акцискиот план за тоа до каде се стигнати со реализирање, како и собирање повеќе засегнати страни на едно место заради заедничка дискусија за фактичката состојба на стратегијата.

Регуларното и континуирано прибирање, користење и анализирање на информациите заради надгледување на напредокот на спроведувањето на проектите/активностите од оперативните документи (акциските планови) за социјална заштита (заради системска и објективна процена на реализацијата на тековните или завршените проекти, програми или политики) беа фокусот при изготвувањето на мониторингот. Тимот на здружението се организираше со тоа што членовите беа поделени во тим што собира податоци и тим што ќе ги анализира податоците. Заради координирање меѓу двата тима, беа одржувани редовни неделни состаноци, на кои се дискутираше кои информации се битни за спроведување на мониторингот, кои се непотребни и кои дополнителни информации треба да се обезбедат и на кој начин да се направи тоа, дали директно или индиректно.

Во целина од процедури преку надворешен и внатрешен мониторинг, се утврди состојбата што се однесува на реализацијата, односно имплементацијата на планираните активности на оперативните документи, преку проток на информации до сите нивоа на раководење, со цел добро управување и донесување правилни одлуки, а сè со една единствена цел - подобрување на услугите што се испорачуваат од локалните власти, подобрување на ефикасноста, зголемување на нивото на транспарентност и отчетност, како и обезбедување евиденција за изведбата на локалната самоуправа каде што се врши мониторингот.

Сеопфатна анализа беше наш приоритет. При изготвувањето на извештајот, се внимаваше да се даде реална и прецизна слика за состојбата на теренот и потребите на целните групи од стратегијата за социјална заштита.

За прибирање на информациите при вршењето на мониторингот, тимот на здружението НОВУС оствари средби со повеќе засегнати страни, кои се или одговорни за спроведувањето на посебните активности во рамките на секоја од мерките или оние што се најдиректно изложени на ефектите што произлегуваат од спроведените активности и имплементацијата на стратегиите.

Организацијата на информациите содржани во извештајот беше на начин со цел да се добие една комплетна слика за специфичните карактеристики на Општина Струмица, со акцент на социоекономските и демографските карактеристики заради воспоставување алка меѓу вистинската популација на општината и мерките и активностите што се планирани да се остваруваат за социјална заштита. Потоа следува делот во кој е опфатена улогата на општина Струмица како главен актер за остварување на локалната стратегија за социјална заштита со следење на Акцискиот план, како и за заложбите што ги има преземено за  постигнување на тие перспективи. Како трет дел од стратегијата е методологијата како битен аспект за тоа на кој начин се имаат одвивано мониторингот, организацијата на тимот на здружението, како и процесот на собирање информации. Пред изнесување на заклучоците, беше ставен главниот дел од извештајот, каде што беа опфатени сите обработени податоци за тоа до каде е стигната реализацијата на сите активности што се дел од Акцискиот план.

## 2. СОЦИОЕКОНОМСКИТЕ И ДЕМОГРАФСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНАТА

Општина Струмица покрива територија од 321,5 км2 и опфаќа 25 населени места, градот Струмица и 24 села. Според пописот на населението од 2002 година, во општината живеат 32,7% од населението во југоисточниот регион или 54.676 жители и таа е најгусто населена општина во тој регион. Имено, просечната густина на населението во Република Македонија изнесува 82, 2 жители/км2, додека во Општина Струмица е над 100 жители/км2. Споредбата на податоците од пописот и движењето на населението низ годините покажува дека Општина Струмица бележи пораст на населението и има позитивен природен прираст. Имено, бројот на населението во периодот 2002-2014 се зголемил за 2.107 лица, односно за 3,85%. Во однос на националната припадност, доминира населението од македонска национaлност (91,92%), потоа следува турското население (6,87%), а со помалку од еден процент се застапени ромската заедница и други[1].

Според официјалните податоците за возрасната структура на населението во Општина Струмица, доминира населението на возраст од 35 до 59 години. Видливо пониската стапката на младото население упатува на тоа дека и во Општина Струмица се забележува трендот на стареење на населението. Промените настанати од 2002 наваму влијаат на измена на старосната структура на населението и, според вредноста на индикаторите, во 2014 година населението во Општина Струмица е во стадиумот пет, односно во „демографска старост".

Вкупнот број на живеалишта на територијата на Општина Струмица, во согласност со податоците од последниот попис во 2002 година, изнесува 18.473. Во нив живееле 54.593 жители, поделени во 15.885 индивидуални домаќинства, со просечен број на членови на домаќинство 3,4. Околу 90% од вкупниот број на станови во 2002 година се населени, 7,6% се ненаселени, а 1,9% се користат за одмор и рекреација.

1 Детални и пошироки информации за социоекономските и демографските карактеристики на Општина Струмица види: Социјална карта на Општина Струмица, 2016 достапна на: *http://www.soros.org.mk/mk/Home/Publication?newsID=6137&catID=10&pageIndex=1*, како и *http://strumica.gov.mk/*

Вкупниот број на активни деловни субјекти на крајот на 2014 година во Општина Струмица изнесувал 2.394. Од нив 68% се микро-, а 30% мали претпријатија. Бројките на деловните субјекти покажуваат дека кај микропретпријатијата има зголемување во последните неколку години, но кај малите претпријатија се забележува значително намалување на бројот во последните пет години. Од вкупно 2.394 активни деловни субјекти по сектори, во 2014 година доминира секторот за трговија на големо и трговија на мало, потоа поправка на моторни возила и мотоцикли, а понатаму следуваат преработувачката индустрија и секторот стручни, научни и технички дејности.

Вкупниот број на невработени лица во Општина Струмица во октомври 2015 изнесувал 11. 973 лица. Од нив 28 % се активни баратели на работа, додека 72 % припаѓаат во групата други невработени лица. Овие податоци се однесуваат само на официјално евидентираните невработени лица и реалната бројка може да е поголема. Податоците од родов аспект покажуваат дека машкото население бележи повисоки стапки на невработеност. Кога станува збор за степенот на образование на невработените лица, може да се заклучи дека најмногубројни се лицата со завршено основно и средно образование.

Податоците за вклученоста во основното образование во Општина Струмица зборуваат за намалување на бројот на ученици по учебни години. Од вкупно 5.760 ученици запишани во учебната 2010/ 2011, бројот на учениците во основните училишта во 2014/ 2015 се намалил на 4.472. Бројот на ученици во средните училишта бележи намалување во последните пет години, меѓутоа не се забележуваат значителни разлики меѓу женските и машките ученици. Претпоставка е дека ова намалување се должи на миграциите, имајќи предвид дека општината има позитивен природен пораст на населението.

Бројот на пензионери во Општина Струмица, заклучно со октомври 2015 година, изнесува 12.110. Најголем дел се корисници на старосна пензија (62,3%), а потоа следуваат корисниците на семејна пензија (28%).

## 3. СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТИ И ПРИНЦИПИ ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Носители на социјалната заштита во Република Македонија се централната власт, преку Министерството за труд и социјална политика, и единиците на локалната самоуправа. И покрај тоа што социјалната заштита како надлежност е децентрализирана, само мал број општини во Република Македонија собраа храброст сериозно да ѝ се посветат на оваа клучна дејност. Општината Струмица, како сериозен јавен субјект, кој останува верен на заложбата да биде со своите граѓани и во време на економска и финансиска криза што владеат и на национално и на меѓународно ниво, реши социјалната заштита да ја вброи меѓу стратегиски приоритетните области, на кои ќе им се посвети во периодот 2015-2020 година. Резултат на тој комплексен процес е Стратегијата за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица, која го опфаќа периодот 2015-2020 година[2]. Тој се однесува на градењето визија, утврдувањето на приоритетите и мерките за заштита на локалното население од социјалните ризици, преку испорака на општински услуги во општинските институции, и тоа по пат на воспоставување партнерства со другите фактори од јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Целата стратегија е обликувана на тој начин што обединува четири различни погледи и почетни позиции, заедно со сите врски и корелации меѓу нив, при што се поврзуваат со визијата на општината. Тоа се перспективите: задоволни граѓани (што очекуваат граѓаните од општината), обезбедување услуги (кои внатрешни процеси треба да бидат воведени), развој на капацитетите (едукација на вработените и организациски раст) и управување со буџетот (како да се финансираат активностите). Доследното следење и реализацијата на мерките и иницијативите содржани во документот од страна на градоначалникот, општинската администрација и Советот на општината, како и соодветната финансиска поддршка, ќе обезбедат постигнување на визијата и доверба во посветеноста, транспарентноста и ефикасноста на Општина Струмица во социјалната заштита на нејзините граѓани.

2 Пошироко за структурата/активностите на стратегијата, визијата, принципите и детален преглед на стратешките приоритети види Стратегија за социјална заштита на Општина Струмица 2015- 2020 достапна на: *http://www.soros.org.mk/mk/Home/Publication?newsID=4968&catID=10&pageIndex=2*

Во рамките на Стратегијата е утврдена визијата на Општина Струмица за развој на социјалната заштита до 2020 година, која гласи: СТРУМИЦА – ОПШТИНА ВО КОЈА ГРАЃАНИТЕ СЕ СОЦИЈАЛНО ЗАШТИТЕНИ И РАМНОПРАВНИ ВО ДОБИВАЊЕТО НА УСЛУГИТЕ. Оваа визија ќе се реализира преку задоволување на потребите на граѓаните за еднаквост при добивањето на социјалните услуги, како и преку воведување нови технологии заради подобар пристап и услуги и информации кон целните групи граѓани. За реализација на овие потреби на граѓаните, ќе се воспостави функционална општинска структура за испорака на услуги од социјалната заштита (во администрацијата и институциите), како општинска платформа за институционална мрежна соработка во областа на социјалната заштита заради мобилизација и вклучување на сите потенцијални партнери во исполнувањето на визијата на општината.

Во процесот на реализирање на стратегиските приоритети и мерки за остварување на визијата на Општина Струмица за соработка во областа социјална заштита во периодот 2015-2020, утврдено е дека ќе бидат почитувани следниве принципи и вредности:

- **Еднаквост** – при имплементирањето на Стратегијата, Општина Струмица ќе има еднаков однос кон сите граѓани, без разлика на нивната етничка, верска, полова, возрасна или друга социјална припадност.
- **Соработка** – при имплементацијата на стратегиските приоритети, ќе се градат партнерства и ќе се користат капацитетите на другите јавни институции и организации од граѓанскиот и деловниот сектор.
- **Етичност** – при исполнувањето на целите, ќе се тргнува од принципите предвидени од Етичкиот кодекс на државните службеници на РМ.
- **Професионалност** – активностите ќе се спроведат работејќи објективно и следејќи ги пропишаните процедури.
- **Иновативност** – постојано ќе се бараат спонтани и системски постапки за воведување нови начини за подобро извршување на работите.
- **Законитост** – при извршувањето на сите активности предвидени од Стратегијата, ќе бидат почитувани законите на Република Македонија.

- **Транспарентност** – ќе се промовира што повисоко ниво на јавност на информациите со кои се располага, услугите што се нудат, процедурите според кои се извршуваат и критериумите според кои се даваат.
- **Отчетност** – органите на Општината ќе ги информираат граѓаните и ќе им објаснуваат што успеале или не успеале да направат во областа социјална заштита со јавните ресурси што им биле на располагање.

## Цели на Акцискиот план за локалната стратегија за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица за периодот 2015-2017 година

Главната цел на овој Акциски план е да развие клучни активности што треба да се спроведат за да се обезбеди успешна имплементација на Стратегијата. Заедно, Стратегијата и Акцискиот план се основните алатки што ја водат Општина Струмица низ процесите на социјалната заштита на нејзините граѓани и постигнување на визијата, која гласи: „Струмица – општина во која граѓаните се социјално заштитени и рамноправни во добивањето на услугите“.

Акцискиот план ги дефинира активностите за развој на социјалната заштита што треба да се преземат во периодот на спроведувањето на Стратегијата, т.е. од 2015 до 2017 година[3]. Спроведувањето на Стратегијата во овој период се заснова врз критериумите на приоритетна потреба и реалистичност за можностите за пристап до финансиски средства за реализација на активностите согласно со предвидениот буџет на општината и другите извори на финансирање. Притоа, дел од дефинираните активности се започнати и завршени во предвидената временска рамка, додека дел од нив ќе започнат во овој период, но нивната целосна реализација ќе биде завршена во периодот предвиден за спроведување на Стратегијата (2020). За таа цел, кон крајот на 2017 година ќе се изработи акциски план за периодот 2018-2020 година.

Спроведувањето на Акцискиот план на годишно ниво се одвива преку годишните програми на Секторот за социјална заштита на Општина Струмица. Во овие програми, активностите предложени во Акцискиот план се дополнително разработени во проекти што јасно ги дефинираат проектните цели и очекуваните разултати, индикаторите, потребните трошоци и субјектите одговорни за нивната реализација. При дефинирањето на индикаторите, се внимава да се дефинираат родово одговорни индикатори, онаму каде што дозволуваат проектните цели.

Рамката на Акцискиот план е изготвена по изготвувањето на Стратегијата за социјална заштита на граѓаните на Општина Струмица 2015-2020 година. Процесот на акциското планирање е изведен во соработка со заинтересираните страни – учесници на планирачките сесии (работилници) – и низ процес на јавни расправи и консултации со надлежните структури во Општина Струмица.

3 Поширoко за структурата, целите, активностите на деталните чекори на усвоениот акцискиот план види: Акцискиот план за локалната стратегија на Општина Струмица за социјална заштита за периодот 2015-2017 година.

# 4. МЕТОДОЛОГИЈА НА МОНИТОРИНГ ПРОЦЕСОТ

За спроведување на овој мониторинг, здружението ангажира повеќе свои членови, кои ги подели во два тима. Едниот тим беше одговорен за собирање податоци, од кои дел од нив собираа информации директно со организирање состаноци и разговори со релевантните засегнати страни, а дел преку анализа на изготвени документи, извештаи и прирачници и извлекување на битните податоци. Вториот тим беше одговорен за обработка на податоците, нивно селектирање и организирање на начинот на којшто ќе бидат опфатени во извештајот. Заради континуирана координација меѓу двата тима, беа одржувани редовни неделни состаноци за одредување на правецот на движење на активностите, како и за дефинирање идни насоки заради целосно извршување на мониторингот.

Мониторингот за спроведување на Стратегијата за социјална заштита беше реализиран низ повеќе чекори:

- Пред да се излезе на терен и оперативно да се собираат информации, мониторингот тимот се подготви со прибирање и детално анализирање на сите релевантни документи, правни анализи, регулативи и извештаи што се однесуваат на социјалната заштита и на образованието.
- Разговори со претставници од Општина Струмица, раководители на сектори, раководители на одделенија, лице одговорно за социјална заштита и односи со јавноста.
- Структуирани прашалници за добивање информации.
- Разговор и воспоставување контакт со координаторот за еднакви можности, кој ни даде насоки за воспоставување контакти со други релевантни фактори.
- Средба со НВО организации, чија област на дејствување е социјалната заштита и локален економски развој, со цел добивање дополнителни информации.
- Пред секоја активност за добивање информации, мониторинг тимот определи алатки и го утврди можниот извор на информации.
- По секоја средба и разговор со претставници од општинската администрација, НВО и другите фактори, мониторинг тимот работеше на систематизација на прибраните податоци и инфор-

мации, нивно квалитативно и квантитативно организирање.

- Анализа и селектирање информации од општинската веб-страница: www.strumica.gov.mk.
- Сите прибрани акти и релевантни документи и информации беа детално анализирани, при што се јавија потреби од дополнителни средби со претставници на органите и телата на општината за комплетирање на отворените дилеми и прашања.
- Целокупниот мониторинг процес резултираше со изготвување извештај за стратегијата за социјална заштита на Општина Струмица

Во текот на целиот мониторинг, тимот што беше задолжен за спроведување на извештајот ги користеше следниве инструменти и техники: интервјуа со субјекти од ЕЛС, набљудување, пребарување, преглед во документацијата, анализа, синтеза и систематизација.

## 5. АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ И КЛУЧНИТЕ НАОДИ

Стратегијата содржи дефинирана визија за развој на социјалната заштита во Општина Струмица, како и водечките принципи за нејзина имплементација и стратегиските приоритети и мерки за постигнување на поставената визија. Целата стратегија е обликувана на тој начин што обединува четири различни погледи и почетни позиции, заедно со сите врски и корелации меѓу нив, поврзувајќи се со визијата на општината. Тоа се перспективите: задоволни граѓани (што очекуваат граѓаните од општината), обезбедување услуги (кои внатрешни процеси треба да бидат воведени), развој на капацитетите (едукација на вработените и организациски раст) и управување со буџетот (како да се финансираат активностите).

Врз основа на Акцискиот план, во кој се утврдени приоритетите, мерките, активностите и периодот на имплементација, може да се види степенот на реализација со сите елементи.

Тимот за мониторинг на оваа стратегија тргна оттаму - степенот на имплементација на стратегијата да се оцени преку собирање информации директно од тие што се одговорни за реализирање на одделните активности во рамките на секоја од мерките и иницијативите.

Првата средба што ја организираше здружението беше одржана заедно со Центарот на заедницата, Нела Маскаловска - координатор за родови прашања и претставник на Општина Струмица и локални невладини организации што работат во полето на социјалната заштита. Два дена пред да се одржи средбата, на сите поканети им беше испратен Акцискиот план  на стратегијата за социјална заштита со цел да се подготват со точни информации за до каде е стигнат степенот на реализација на активностите што се во нивна надлежност. На одржаната средба се работеше по Акцискиот план за сите активности, особено дали е почната нивната реализација, степенот до каде е стигната реализацијата и причината зошто не се реализираат одредени активности.

Друга средба, која се одржа со цел реализирање на мониторингот на оваа стратегијна, беше со раководителот на одделението за ЛЕР на Општина Струмица, Тони Милушев, од каде што добивме одговори за активностите што се под директна имлементација на ова одделение.

Здружението редовно одржуваше состаноци со тимот што го спроведува мониторингот со цел следење на работата и заедничко дејствување во насока на поквали-

тетен мониторинг и изнаоѓање аспекти на кој начин и каде може подиректно да се добијат одредени одговори за активностите и мерките што се дел од стратегијата.

Од сите средби што ги одржавме, имаме првични сознанија за степенот до кој се реализирани сите приоритети во рамките на оваа стратегија.

**Во рамките на ЗГ1:**

Воспоставување еднаков пристап до социјалните услуги за сите мажи и жени во општината:

1. Дефинирање на принципите на еднаквост во пристапот до социјалните услуги на локално ниво:

   - Тркалезна маса за дефинирање на принципите на еднаквост

   (Во разговор со Нела Масалковска, претставник од Општина Струмица и координатор за еднакви можности, ни беше кажано дека е реализирана ваква тркалезна маса, на која присуствувале претставници од повеќе засегнати страни, како и НВО-организации чија програмска цел се социјалните услуги. Во прилог извештајот: http://strumica.gov.mk/downloads/objavi/Izvestaj.pdf / http://strumicadenes.mk/%D1%81%D0%B5-%D0%B8%D0%B7%D0%B3%D0%BE%D1%82%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%B2%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8/. Ова е утврдено и во социјалната карта на Општина Струмица, претставена на 27.9.2016)

   - Изготвување на документот „Принципите на еднаквост и еднакви можности“.

   (Во прилог е извештајот за принципите на еднаквост и еднакви можности: http://strumica.gov.mk/downloads/ler/godisen_izve.pdf, којшто е објавен на општинскиот веб-портал).

   - Објавување на документот преку гласилата на општината

   (Секоја активност при спроведувањето на оваа мерка е направена преку гласилата на општинскиот веб-сајт, Фејсбук-страницата на општината и весникот „Сè за Струмица“)

2. Од мерката Изготвување регистар на социјални услуги:

   - мапирање на ранливите групи и нивните потреби, ставајќи ја родовата рамноправност како хоризонтална димензија на анализата;

- дефинирање минимално ниво на услуга за секоја ранлива група;
- изготвување документ, регистар на социјални услуги (список, процедури и приоретизација до 2020).

(Во рамките на оваа мерка, сите активности се реализирани и преточени во Социјалната карта, промовирана на ден 27.9.2016 година. Во првичниот разговор со Нела Масалковска, како што ни беше кажано, ЛЕР и Општина Струмица креираа социјална карта, целосно почитувајќи го рокот за имплементација).

3. Во мерката Лобирање за прецизна законска регулатива за испораката на социјални услуги на локално ниво активностите:

- Дискусија за проблемите од областа на испораката на социјалните услуги на локално ниво.

(Во врска со оваа активност, одржана е дискусија за проблемите од областа на испораката на социјалните услуги. Според Нела Масалковска, оваа дискусија е само еден дел што помогнал во добивањето реална слика за добивање информации што се употребени во донесената Социјална карта на Општина Струмица, донесена на 27.9.2016)

- Дискусија за предложените теми на седница на Советот на Југоисточниот плански регион (Оваа активност не е реализирана и досега ваква дискусија не е реализирана на седница на Советот на Југоисточниот плански регион).
- Предлог до ЗЕЛС за дискусија за предложените прашања и заземање став.

(Исто, во разговор со Нела Масалковска, одржан на ден 24.6.2016 година, ни беше кажано дека овие активности не се реализирани, но ни до ден-денес ваков предлог до ЗЕЛС не е доставен.)

**Во рамките на Приоритет: 3Г2**

Воведување нови технологии за подобри услуги и информации:

1. Од мерката Воведување ИКТ алатки и системи за поддршка на социјалната заштита на граѓаните имаме добиено одговор само дека активноста Социјални мрежи во функција на полесен пристап до услуги е започната со реализација, но не е во целост завршена.

- Исто така, како дел од оваа мерка е започната со имплементација и активноста Годишна

ревизија на активностите според резултатите од социјалната мапа и анализа на состојбите на јавните простори, но не е целосно завршена.

**Во рамките на Приоритет: ОУ1.**

Функционална општинска структура за испорака на услуги од областа на социјалната заштита, степенот на реализација на мерките преку соодветните активности е следен:

1. Дефинирање на организацискиот пристап и институционалните форми. (И покрај нашето константно барање информации од Секторот за човечки ресурси, и тоа во неколку наврати, за што сведочат и барањата и испратените мејлови, не добивме конкретен одговор за реализацијата на оваа мерка заедно со сите активности).
2. Мерката Адаптирање на критериумите на фондот Социјална заштита-поддршка на граѓански организации заради стимулирање финансирани и кофинансирани проекти со своите активности:
   - Редефинирање на критериумите за видови поддржани проекти – предлог (При разговорот со Нела Масалковска и со раководителот на ЛЕР, Тони Милушев, ни беше кажано дека за ова е потребно да се изготви нова методологија со цели, за да може критериумите да бидат реално мерливи и да соодвествуваат со другите документи).
   - Дискусија за предлог-критериумите со внатрешни и надворешни фактори (Оваа активност е реализирана и се одржани консултативни состаноци, со цел за утврдување на предлог-критериуми со внатрешни и надворешни фактори).
   - Одобрување од страна на градоначалникот (Во рамките на оваа активност, градоначалникот има донесено одлука за прибирање годишни програми од областа на „Социјалната заштита“ од здруженија и фондации од Општина Струмица за 2016 година, заради финансиска поддршка од Програмата V2, Програма за социјална заштита - Трансфер до НВО, од буџетот на Општина Струмица за 2016 година.).
   - Започнување имплементација за 2016 и 2016 (Добиентите грантови здруженијата ги реализираа во 2016 година и, согласно со утврдените временски рамки, ги завршија со имплементација).
3. Мерката Испорака на постојни и нови услуги преку партнерства (реализирана во целост и дефинирана

во Социјалната карта, со утврден систем на следење и евалуација како изготвени годишни програми за социјални заштита. Прилог: http://strumica.gov.mk/downloads/objavi/Izvestaj.pdf и Социјална карта).

**Приоритет: ОУ2.**

Општинска меѓуинституционална мрежа за соработка во областа на социјалната заштита.

1. Во мерката Општинска мрежа за соработка:
   - Воспоставување на мрежата, членството и целите (реализирана, со утврден записник. Ова ни го потврди Нела Масалковска, но сè уште очекуваме да добиеме примерок од записникот што се однесува на оваа мрежа).
   - Засилување и координација на членовите на мрежата (Оваа активност е реализирана, членовите на мрежата се утврдени и се организирани четирите средби).
   - Поттикнување заеднички проекти како главна цел на мрежата (Има список на проектни идеи, добиен врз основа на повикот распишан за V2 програмата, кој се однесува на социјална заштита, и оваа активност е реализирана).
   - Воспоставување систем за комуникација и размена на информации (мејлинг листа, ФБ…) (Ваквиот систем е воспоставен, функционира беспрекорно и е во заедничка корелација на тимот за СЗ и Центарот на заедници. Ова ни беше потврдено и од Нела Масалковска и ЦЗ на Општина Струмица).
   - Награда „Општинско знаме за социјални услуги“ (Оваа активност не е реализирана и при разговорот со Нела Масалковска и претставниците на НВО ни беше кажано дека ова е конфузно и дека треба повторно да се разгледа).
   - Формирање „клубови за поддршка“ - (Оваа активност не е реализирана, ниту добивме причина зошто не е, ниту па информација кога ќе биде реализирана).
2. Мерката Делегирање надлежности (Не е реализирана и нема изготвен пилот проект за делегирање надлежност од социјалната заштита. На состанокот одржан со Нела Масалковска и преставници на НВО, не добивме информација кога ќе биде завршена).

**Приоритет: РК 1.**

Градење постојано мотивиран и иновативен тим.

1. Воспоставување систем за континуирана професионална надградба.
    - Анализа на потребите од обуки од областа на локалната испорака на социјални услуги (Врз основа на поднесеното барање, од ЦЗ ни беше одговорено дека активноста ќе се реализира до 2016 година, без никакви други дополнителни информации.)
    - План за обуки (Врз основа на поднесеното барање, од ЦЗ ни беше одговорено дека активноста ќе се реализира до 2016 година, без никакви други дополнителни информации.)
    - Имплементација на планираните обуки (Немаме добиено информации).
2. Развој на иновативни пристапи кон давањето социјалните услуги
    - (Ниедна активност не е реализирана, не успеавме ни да дојдеме до информација дали ќе се реализира во рокот предвиден за имплементација. Но, бидејќи е предвидено да се реализира до 2017, останува будно да ја мониторираме ситуацијата и да бидеме во контакт со администрацијата дали ќе се реализира ова).
3. Меѓусекторска координација во рамките на општинската администрација (Од разговорот со Тони Милушев и Нела Масалковска, ни беше потенцирано дека за активноста – квартални средби со сите раководители на сектори е реализирана и има воспоставено базична соработка. Ни беше укажано и дадена насока да ги следиме овие активности).

**Приоритет: РК 2.**

Знаења и вештини за имплементација на партнерства.

Информациите што ги добивме се дека и двете мерки што се дел од овој приоритет се нереализирани во целост со сите свои активности. Станува збор за мерките Градење организациска култура за работа и соработка со мрежи и широки партнерства и Обучување на вработените на теми поврзани со склучувањето партнерски договори и управување со нив. Дадените рокови за имплементација се поминати, а не добивме никаква информација дали се планирани да се реализираат до 2016 година. Сепак, ние остануваме да ги следиме овие активности.

**Приоритет: РК 3.**

Знаења за можностите и програмите за надворешно финансирање на надлежноста.

Исто и во овој приоритет, и двете мерки што ги сочинуваат Обучувањето на вработените за расположливите средства од ЕУ, ИПА и за други можности за поддршка и Дизајнирање проектни идеи за привлекување финансии не се реализирани .

**Приоритет: УБ 1.**

Зголемување на вонбуџетските финансиски извори за социјална заштита

До моментот кога требаше да биде изготвен и комплетиран овој мониторинг извештај, сѐ уште немаме добиено информации за сите други мерки со активностите што се дел од Акцискиот план, а за кои не бевме во состојба да дадеме конкретен одговор во извештајот.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## ЗАКЛУЧОЦИ

- Перспективата „Задоволни граѓани“ опфаќа два приоритети: „ЗГ1:Воспоставување еднаков пристап до социјалните услуги за сите мажи и жени во општината“ и „Воведување нови технологии за подобри услуги и информации“. Оваа перспектива, како една од четирите во Акцискиот план, има највисок степен на реализираност во споредба со другите три од страна на општината и сите засегнати страни што се јавуваат како нивни имплементатори. Во рамките на првиот приоритет, добивме информација дека е организирана дискусија за дефинирање еднакви можности, каде што присутните засегнати страни заедно ги имаат услогласено и тие се опфатени во социјалната карта на Општина Струмица, како и документот што е изготвен „Принципите на еднаквост и еднакви можности“. Исто така, мерката Регистар на социјални услуги е целосно реализирана со сите свои активности, кои се преточени во Социјалната карта на Општина Струмица, која е донесена и промовирана на 27.9.2016. Крајната мерка од првиот приоритет „Лобирање за прецизна законска регулатива за испорака на социјалните услуги на локално ниво“ не е реализирана поради отежнатата комуникација на Општина Струмица и предизвиците со кои се соочуваат притоа со централните институции и Министерството за труд и социјална политика. Вториот приоритет, „Воведување ИКТ-алатки и системи за поддршка на социјалната заштита на граѓаните“, од оваа перспектива е многу послабо реализиран во споредба со првиот приоритет, со што општината треба позначително да се фокусира кон изнајдување нови начини за поддршка на социјалната заштита на граѓаните, како и за подобрување и надградување на постојната социјална инфраструктура според потребите на ранливите групи во општината.
- Од перспективата „Обезбедување услуги“ не дојдовме до податоци за работата на општината околу правецот на дефинирање на организацискиот пристап и институционалните форми што ќе ги презема општината. Од друга страна, со одлука на градоначалникот, општината се залага за прибирање годишни програми од областа на „Социјалната заштита“ од организации

во општината со цел нивна финансиска поддршка и имплементација на овие програми. Оваа финансиска поддршка општината ја издвојува во рамките на програмата V2, Програма за социјална заштита, трансфер од буџетот на Општина Струмица. Исто така, општината има креирано систем на следење и евалуација на испорака на постојни и нови услуги преку партнерства со изготвување годишни програми за социјална заштита. Системот за евалуација е дефиниран во Социјалната карта на општината. Од вториот приоритет на оваа перспектива е утврдено дека во општината е креирана општинска мрежа за соработка, каде што се имаат организирано четири средби, на кои се имаат утврдено системот за комуникација, размена на информации со цел настапи преку заеднички проекти што се однесуваат на социјалната заштита во координација со тимот за социјална заштита во општината и Центарот на заедници.

- Степенот на реализација на перспективата „Развој на капацитетите“ е многу низок со сите свои мерки и активности. Беше потенцирано дека е во тек анализа на потребите од обуки од областа на локалната испорака на социјални услуги за вработените, како и изготвувањето план за обуки на кој начин ќе се спроведуваат, но не се комплетно завршени. Исто така, во општината има започнато меѓусекторска координација, која се состои од квартални средби на сите раководители на сектори и веќе има воспоставено базична соработка во однос на прашањата за социјалната заштита и испораката на социјалните услуги. Другите мерки и активности што ја сочинуваат оваа перспектива не се реализирани.
- При изготвувањето на мониторинг извештајот, анализите покажаа дека постојните решенија за распределба на надлежностите и финансиските средства за социјална заштита меѓу централното и локалното ниво на власта се мошне ограничувачки во таа насока.
- Недостасува меѓусекторска комуникација и запознавање на вработените од општинските структури со процесот на обезбедување социјална заштита кон граѓаните.
- Недостасува соработката меѓу централната власт и локалната власт (меѓу другото, како резултат и на политичкото окружување. Во дел од планираните активности од Акцискиот план, се чекаат одлуки од централната власт и, поради тоа, не може да се завршат предвидените активности.

## ПРЕПОРАКИ

- Сите фактори треба да ги разгледаат можностите и потребите што произлегуваат од спроведената анализа од „Социјална карта на општина Струмица - идентификување ранливи групи и потребни социјални услуги во општината“ и да утврдат дали е потребна дополнителна детална и длабинска анализа на потребите од социјални услуги на локално ниво.
- Со цел да се овозможи ефикасна и ефективна имплементација на активностите од Акцискиот план, потребно е да се формира одделение за социјална заштита и професионално да се надградуваат инволвираните во процесот на социјална заштита, знаејќи дека Општина Струмица има мотивиран и иновативен тим, кој поседува знаења и вештини за успешна имплементација на партнерствата и другите активности.
- Надлежните структури и институции мора сериозно да ја сфатат улогата за важноста во спроведувањето на мерките и перспективите на Акцискиот план.
- Потребно е да се работи на зголемување на меѓусекторската соработка и комуникација меѓу засегнатите чинители од областа на образованието и сите заеднички да работат на развој на образовниот процес.
- Надлежните структури и институции мора сериозно да ги сфатат својата улога и значење во спроведувањето на мерките и перспективите на Акцискиот план во текот на целата реализација.
- Тимот за социјална заштита не е доволен за да може да ги реализира предвидените активности, од причина што има и други работни обврски што не се во областа на социјална заштита и не може да го испорача бараното, согласно со Стратегијата и Акцискиот план за социјална заштита.
- Во целиот пристап на имплементирање на активностите од страна на засегнатите страни, мора да се вклучи и Центарот за социјална работи, и покрај тоа што има мала улога во спроведувањето на Акцискиот план, бидејќи голем број од активностите опфаќаат мерки што директно го засегаат Центарот за социјална работа.
- Финансиските средства за исполнување на визијата „Општина во која граѓаните се социјално заштитени и рамноправни во добивањето на услугите“ може да се зголемуваат и да се искористуваат и преку фондовите на ЕУ и зголемување на инвестициските вложувања за социјална заштита.

## 7. ИЗВОРИ

1. Закон за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002)
2. Закон за социјална заштита (Службен весник на РМ бр. 79 од 24 јуни 2009 година)
3. Годишен извештај за принципите на еднаквост и еднакви можности
4. Платформа за развој на Општина Струмица (2007-2015)
5. Стратегиски план за економски развој на Струмичкиот регион (2006-2011)
6. Акцискиот план за локалната стратегија на Општина Струмица за социјална заштита за периодот 2015-2017 година.
7. Социјална карта на Општина Струмица, 2016, достапна на: *http://www.soros.org.mk/mk/Home/Publication?newsID=6137&catID=10&pageIndex=1*, како и *http://strumica.gov.mk/*
8. Стратегија за социјална заштита на Општина Струмица 2015- 2020, достапна на: *http://www.soros.org.mk/mk/Home/Publication?newsID=4968&catID=10&pageIndex=2*